Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **Бизнис** за **IV (четврта) година** за образовните профили во економско-правна и трговска струка на четиригодишното средно стручно образование за учебната 2020/21 година.

## 1. ВОВЕД

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Бизнис** за **IV (четврта) година** за образовните профили во економско-правна и трговска струка на четиригодишното средно стручно образование за учебната 2020/21 година се базира на целите предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 145 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со неделен фонд од 2 часа се предвидуваат 58 часа во скратената наставна програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ТЕМИ И НАСТАВНИ ЕДИНИЦИ

Тема 1: **Претприемништво и претприемачко однесување** (10 часа)

Наставни единици:

- Суштина и значење на претприемништвото
- Претприемачки процес
- Претприемач - карактеристики
- Претприемачко однесување

Тема 2: **Претприемништвото во современи пазарни услови** (6 часа)

Наставни единици:

- Приватна сопственост како основа за претприемништвото
- Претприемништво во мали, средни и големи претпријатија
- Социјален аспект на претприемништвото

Тема 3: **Бизнис планот – основа за претприемачката активност** (20 часа)

Наставни единици:

- Бизнис план (поим, значење, содржина)
- Генерирање и избор на бизнис идеја
- SWOT – анализа
- Маркетинг план
- План на производство
- План на менаџмент
- Финансиски план
- Break-even анализа

Тема 4: **Претприемништвото во Република Северна Македонија** (10 часа)

Наставни единици:

- Елементи на бизнис клима
- Мерки и инструменти за поддршка на претприемништвото
- Улога на банкарскиот сектор за развој на претприемништвото

Тема 5: **Кариерен развој** (12 часа)

Наставни единици:

- Менаџмент на човечки ресурси (суштина и функции)
- Развој на човечки ресурси
- Кариерни можности
- Извори на информации за кариера
- Менаџмент на време

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните единици во скратената наставна програма по наставниот предмет Бизнис за IV (четврта) година за образовните профили во економско-правна и трговска струка на четиригодишното средно стручно образование за учебната 2020/21 година го даваат текот на реализацијата на материјалот. Според потребите, наставниците самите го распределуваат предвидениот скратен фонд на часови наменет за новите содржини, за повторување, утврдување, вежби, проверка на знаењата на учениците, систематизирање, истражување, реализација на проекти, организирање настани и сл.

Во процесот на поучување наставникот треба да применува методи и форми на активна настава. При разработка на новата наставна единица, наставникот треба постојано да ги вклучува учениците во текот на часот преку прашања и одговори, искажување на ставови, дискусии и сл. Со техниките на учење што ќе ги применува наставникот ќе се овозможи развивање на критичкото размислување кај учениците, способноста за самостојно истражување, анализирање и решавање на проблеми.

Следењето на постигањата на учениците наставникот индивидуално го интегрира во рамките на предвидените часови за реализација, користејќи најразлични методи, техники и инструменти. Навремената и конструктивната повратна информација им овозможува на учениците да ги идентификуваат следните чекори потребни за да напредуваат во учењето.

Заради постигнување на целите од редовната наставна програма по наставниот предмет Бизнис планирано е примена на различни наставни средства и помагала: учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење, компјутерска и мултимедијална опрема, ЛЦД проектор, аудио-визуелни наставни средства, Интернет, образовни софтвери, дигитални содржини, образовни платформи, апликации и др. согласно условите и можностите на училиштето.

## 4. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Бизнис** за **IV (четврта) година** за образовните профили во економско-правна и трговска струка на четиригодишното средно стручно образование за учебната 2020/21 година ја утврди

**Арх. Бр. 13-9340/8**

**16.9.2020 година**

**Министер за образование и наука,**

**Мила Царовска**